Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## YAHOO ПРЕТСТАВИ НОВА АЛАТКА ЗА ОН-ЛАЈН ОГЛАСУВАЊЕ







Новата алатка за огласување на компанијата би можела да ѝ даде предност на пазарот пред силната конкуренција, кога е во прашање он-лајн адвертајзингот. Алатката се базира на таканаречениот "behavioral targeting" и овозможува точно и успешно прикажување на огласи од одредени категории. Оваа огласувачка платформа е наречена SmartAds, а од Yahoo велат дека на компаниите ќе им го овозможи токму она што го посакуваат, односно прикажување на нивните огласи на целната група од публиката. Во известувањето за јавноста, Yahoo вели дека SmartAds ги обединува големите медиумски капацитети со новата ad технологија, која автоматски ги претвора елементите од креативните кампањи на таргетираните понуди во релевантни и точни огласи. Тод Тереси од Yahoo објаснува дека станува збор за начин на огласување, кој се прилагодува кон целните групи на корисниците.

## IPHONE Е РАСПРОДАДЕН!



Откако официјално почна продажбата на iPhone, Apple се соочува со големи проблеми. Поради огромната побарувачка во поголемиот дел од нивните продавници iPhone е распродаден, пред продавниците има огромни редици, а најновата вест е дека Apple го ограничи купувањето на 2 телефона по лице. Проценките се дека во втората половина од оваа година тие ќе продадат повеќе од 3 милиони парчиња од овој производ, а за идната година се предвидени 10 милиони.



